

**ВОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ВО ХРАМОТ**

Кога дева Марија навршила 3 години, праведните родители го извршиле ветувањето му го дале на Бога пред нејзиното раѓање. Затоа тие свечено ја довеле својата ќерка во Ерусалимскиот храм и му ја посветиле на Бога.

Древните отци на Црквата, кога го пеат Воведението на Богородица, со свештени песни, раскажуваат како Јоаким и Ана ги собрале своите роднини и пријатели, а млади девојки со свеќи во рацете чекореле пред ветената девојка, а по нив родителите ја воделе пречистата Дева до Ерусалимскиот храм.

Првосвештеникот со свештениците ги пресретнале со црковни песни. Светиот Герман, цариградскиот патријарх, испишал вакви стихови излезени од устата на Ана: *„Му го принесувам на Господа мојот дар, произнесен со жалост*
*од мојата уста. Затоа собрав свештеници и роднини и им кажувам: Радувајте се со мене! Јас се јавувам пред вас како мајка и ја дове*
*дов мојата ќерка не за земен дар, туку за*
*Бога, за Небесниот Цар!"*

Светата Дева била поставена на првото стапало пред влезот на храмот и, за чудо на сите присутни, без ничија помош, таа се искачила до 15-то скалило и застанала најгоре. Првосвештеникот Захарија ја вовел пречистата девојка во „Светата на светите", каде што првосвештеникот влегувал еднаш годишно. Праведните родители му принеле дарови и жртви на Бога и откако добиле благослов од свештениците се вратиле со роднините во Назарет.

Светата дева Марија живеела во храмот. Таму живееле млади девојки посветени на Бо-ra, исто така и вдовици кои служеле во храмот, слично на пророчицата Ана (Лука, 2,36-38). Таму живееле странци и дојденци. Кон нив се придружила и Ана, мајката на дева Марија. Но, таа поживеела кратко време со ќерка си. Набргу по смртта на мажот и таа умрела.





Македонски задграничен комитет/ВМРО-ДПМНЕ-Берлин-Германија.
Das Makedonische Komitee in Exil/VMRO-DPMNE-Berlin-Deutschland.
Exile committee of Macedonia /VMRO-DPMNE-Berlin - Germany.

Do Predsedatelot na
TMO-VMRO/nezavisna/
"ILINDEN"
Sofija,Bugarija

Telefax: (030) 881 58 49
Konto Nr. 17 13 38 96
BLZ. 100 900 00
Berliner Volksbank

Pocituvan G-n,Predsedatele

So radost ja primivme informacijata za registriranjeto na organizacijata TMO-VMRO/nezavisna,so koe registriranje se pokaza neumornata borba od Vasa strana koe trae veke podolgo vreme.

Registriranjeto na ovaa organizacija , treba da bide primer i na drugite sosedni zemji na Republika Makedonija,deka so sosedite treba da se ima sloga i potpolno razbiranje zasto nie site sme osudeni da ziveeme zaedno.

Go pozravuvame ovoj gest na Bugarskata Vlada i voopsto na Bugarskite gradjani ,koga vo ovie teski vreminja za nas Makedoncite ,Bugarija vodi edna prijatelska politika,a koja treba da bide primer na site sosedi na Republika Makedonija.

Vas G-n Predsedatele i na celoto Predsedatelsto kako i na clenovite na TMO-VMRO/nezavisna/,vi posakuvame plodna rabota vo ostvaruvanjeto na Vasite celi za dobroto na Makedonskiot narod rasean po celiot svet, kako i za dobra sorabotka so Republika Bugarija i so site Balkanski, Evropski i svetski Narodi.

Berlin 30.09.1992

Sekretar na M.Z.K.
Risto Pargov

Predsedatel na M.Z.K
Mane Jakovleski

MAKEDONSKI ZADGRANIČEN KOMITET
Das Makedonische Kommitee in Exil
VMRO DPMNE
Berlin Deutschland

[illegible]